Одговор: По иницијативата поднесена на 26.02.2025 година за поведување постапка за оценување уставноста на член 57-г став 2 од Законот за девизно работење оформен е предмет У.бр.25.2025, а по поднесената иницијатива на 06.03.2025 година за поведување постапка за оценување уставноста на член 9 став 1 во делот „единките корисници“, член 9 став 2 во делот „критериуми“ од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/2024) и уставноста и законитоста на член 4 од Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината на остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетски корисници, единките корисници и фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.44/2025) оформен е предмет У.бр.30/2025.

Предметите се во фаза на претходна постапка и преземени се потребните дејствија, односно побарани се потадоци и известувања од Собранието на Република Северна Македонија и од Владата на Република Северна Македонија кои се од интерес за водење на постапката. Откако претходната постапка ќе биде окончана, предметите ќе бидат ставени на дневен ред за одлучување којшто ќе биде објавен на официјалната веб-страна на Судот, на линкот: www.ustavensud.mk.